БАЛЕТ

# МОДЕРНО И ДОПАДЛИВО

● ***Кон праизведбата на „Возови" сунта од Димитрие Бужаровски на сцената на МНТ.***
***Режија: Богдан Попѓорчев***
***Кореографија: Олга Милосавлева***

Праизведбата на **„Возови"**, сунта од **Димитрие Бужаровски** на сцената на Македонскиот народен театар во Скопје се совпадна со два интересни јубилеја — европската година на музиката (триста години од раѓањето на Ј.С. Бах) и 40-годишнината на Македонскиот народен театар.

Користејќи ја најмодерната електронска музичка техника — синтисајзерот, инспириран од рок музиката Димитрие Бужаровски создава модерна музика како по нормалната конструкција така и по звукот и мелодиката.

Музиката на Бужаровски заслужува големо внимание, но тоа ќе им го препуштам на музичките стручњаци кои несомнено ќе имаат што да кажат за нејзината вистинска вредност и убавина.

Она што е во доменот на моите согледувања ќе речам дека видовме едно интересно балетско дело како по својата тематика така и по својата кореографско-режиска постановка.

Благодарение на чистата и јасна режија на **Богдан Поп Ѓорчев** кој мошне успешно го решава непрекинатиот континуитет на дејството, **Олга Милосавлева** со својата кореографија ја доловува атмосферата на железничката станица, нејзината непроменливост, цврстина, вонвременост (како што вели авторот на либретото и музиката Димитрие Бужаровски) и вплетувањето на многу лични судбини на патниците помеѓу два воза.

Познавајќи го кореографскиот опус на Олга Милосавлева, нејзиниот препознатлив стил и начин на работа, констатираме нешто што пријатно нè изненади. Таа ни се претстави во поинаква светлина. Нејзината кореографија беше мошне инвентивна и допадлива. Врз основа на класичниот балет таа прави модерно искажување со јасен и чист стил. Помладиот балетски ансамбл предводен од искусните солисти наоѓа извонредно добри соработници. Тие по својот сензибилитет успешно се вклопуваат во овој балетски жанр.



Јагода Сланева

По сложеноста на композициите, поширокиte линии сплетени од разновидни убави и тешки поддршки, секако треба да се спомене **„АЛЕМАНДА-та"** како музичко балетска нумера што првенците на балетот, **Јагода Сланева** и **Зоран Велевски** го одиграа во манирот на извонредно добри мајстори на балетската уметност. Со полна ведрина и едноставност во стилот на една разиграна младост ни се претставија четири девојки **„ПРЕЛУДИУМ"** и момчињата **„ФУГА"**. **„Сарабанда"** во изведба на суптилната и вдахновена **Ана Хусеин** и нејзиниот татко **Борис Караев.**

Силеѓиите **„Интерлудио"** — девојката, нивниот судир **„Паскаја"** — повлекување „Интерлудио" беше највпечатливиот дел во претставата. Сугестивно, со разноликоста на изразените чувства, изнијансираните ситуации, експресивно и технички сигурно ни се претставија **Тања Вујисиќ, Александар Хаџиманов** и младиот **Вјечислав Поплавски.**

**„Каноно-от"** — денот започнува, денот завршува — истоветното кореграфско режисерско решение на почетокот и на крајот на претставата го разрешува она неминовното, постојаното, на станичниот перон во вистинскиот свој колорит, шефот на станицата, милиционерот, чистачката што мошне убедливо ја толкуваше **Виолета Радовановиќ,** шанкерката **Елена Спасовска** со уште една убава толкувана ролја на неминовниот станичен алкохоличар **Екрем Хусеин** кој мошне убедливо го потврди тоа дека и малите ролји можат да бидат големи ако ги толкуваат вистински уметници.

Најпосле не смееме да го заборавиме и големиот придонес на учениците на „МБУЦ" од класата на **Елисавета Кушевска** предводени од сигурната **Снежана Шијак** и секако извонредно талентираната 13-годишна **Ирена Ветерова.**

Сценографијата на **Богдан Поп Ѓорчев** беше убава, лесна и функционална, а костимите на **Рада Петрова Малкиќ** допадливи и атрактивни.

**Оценка: + + +** **Емилија Ципунова**

54

Екран 8 III. 1985 год. стр. 34 и 35